**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**
Број:02-1229/62
Датум: 20.6.2018 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 112 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.82/2018, членот 46 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје и став 4 од член 50 од Правилата за студирање на ФЕИТ, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 20.6.2018 година донесе

# ОДЛУКА

промена на студиска програма во учебната 2018/2019 год.

**I.** На студентите запишани заклучно со учебната 2017/2018 година на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје им се дозволува промена на студиска програма без надоместок и тоа:

1. Само на студиските програми на кои не е пополнет бројот на студентите во државна квота.
2. Со меѓусебна размена на студенти од различни студиски програми (и еднаков статус на студент во државна или во квота со кофинансирање). Ваквиот начин на промена на студиски програми важи само за студентите кои ги имаат положено сите предмети од претходната година.
3. Ако ги положиле сите испити од прва година со просечна оценка 9,50 и ги освоиле сите кредити што ги запишале.

**II.** На студентите запишани на Факултетот заклучно со учебната 2016/2017 година на кои им е одобрено да преминат на други студиски програми се запишуваат со: партиципација само на оние студиски програми каде имало слободни места по конкурсот во учебната 2017/2018 година, или со кофинансирање на студиските програми каде бил пополнет бројот во државна квота за што е потребно да дадат изјава дека се согласуваат да ја променат студиската програма со кофинансирање на трошоците за студирање до завршување на студиите.

Бројот на студентите од став еден на точка **II** е до 15% од бројот на студентите запишани на соодветната студиска програма во прва година според конкурсот во учебната 2016/2017 година.

**III.** Молбите за префрлање, студентите треба да ги поднесуваат во периодот од 18 до 21.9.2018 година преку архивата на Факултетот. По завршување на рокот за предавање на молбите, се изготвува единствена ранг листа на поднесени и одобрени барања, која во рок од пет дена јавно ќе биде објавена.

**IV.** Одлуката да се достави до: ННС, продеканот за настава, веб страницата на ФЕИТ, огласна табла, Службата за студентски прашања, секретарот, општата служба и архивата на Факултетот.

ДЕКАН
Проф. д-р Димитар Ташковски